**20182434564**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 147 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија” бр.120/18), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА НАЛОГОТ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ОД СТРАНА НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на налогот за вршење надзор од страна на Управата за финансиско разузнавање.

Член 2

(1) Налогот за вршење надзор се печати на образец на хартија во бела боја со формат А4.

(2) Формата и содржината на налогот за вршење надзор се дадени во Прилог  кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на налогот за вршење надзор од страна на Управата за финансиско разузнавање („Службен весник на Република Македонија“ бр.211/15).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-19433/1
24 декември 2018 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.

Прилог

Број _____________
Датум ___________

Врз основа на член 68 став (6) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам директорот на Управата за финансиско разузнавање го донесе следниот

**Н А Л О Г**
**за вршење надзор**

Да се изврши _______________________________________________ надзор на
(редовен, вонреден или контролен)
субјектот____________________________________________________________
(назив на субјектот)
________________________________________________________ со седиште на
____________________________________________________________________
(седиште на субјектот)

Предмет на надзорот е______________________________________________
___________________________________________________________________.
Периодот на надзорот е од _____________ до ____________ година.
Датум на отпочнување на надзорот (ден, месец и година) ____________________.
Место на извршување на надзорот: ______________________________________.
Име и презиме на финансискиот/ите разузнавач/и кој/и го врши/ат надзорот:__________________________________________________________.

Надзорот се спроведува _________ (со/без) претходно известување на субјектот.

**Примил,**
_______________________
**Одговорно лице на субјектот**
**М.П.**
**(потпис и дата на прием)**

**Директор,**
__________________________
М.П.